# ПОРОЧИНИТЕЛ

*Аерант - адитив за бетон и малтер*
*Одговара на: EN 934-2:T5*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на бетони кај кои се бара висока отпорност на дејство на мраз и за бетони отпорни на мраз и соли за одмрзнување. За подготовка на бетон во услови на XF2; XF3; XF4 класа на изложеност. Пример за вакви објекти се аеродромски писти, паркиралишта, бетонски коловози, ивичници, каналети, потпорни ѕидови, “Њу Џерси” огради пешачки патеки кај мостовски конструкции и др;
Се употребува како дополнително средство при подготовка на лесни бетони;
За бетони со специфичен начин на вградување (пример кај прскани и екструдирани бетони);
За подготовка на цементни малтери за изведба на фасади;

## СВОЈСТВА

- Овозможува вовлекување на микропори во бетонските и малтерските мешавини;
- Овозможува правилен (рамномерен) распоред на изолирани (неповрзани) микропори во бетонските и малтерските мешавини;
- Растојанието меѓу порите изнесува 150-200μ (микрони);
- Ја зглемува отпорноста на бетоните на мраз и соли за одмрзнување;
- Ја подобрува обработливоста на бетоните и малтерите;
- Придонесува за избегнување на сегрегација и издвојување на вода на бетоните;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Светло кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.02±0.02) g/cm³ |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 12±1 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤2,0% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Дозирањето на Порочинител се движи од 0,01 до 0,15% во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. Ефектот од дозирањето на адитивот, односно количината на вовлечен воздух во бетонот зависи од повеќе фактори – процентот на дозирање, типот на бетон, видот и количината на цемент, максималната фракција на агрегат, конзистенцијата на бетонот или малтерот. Од тие причини, пред да се започне со употреба, неопходно е да се извршат претходни испитувања на бетонски мешавини со цел да се утврди процентот за дозирање на Порочинител потребен за бараното количество на волечен воздух. За ориентација, во прилог е даден дијаграм на количество на волечен воздух добиен за дадено дозирање на Порочинител (Дијаграм 1).



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk




*Дијаграм 1*

Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски заедно со водата во текот на производството на бетонот.

**Ефекти од предозирање**: Превисоко дозирање на Порочинител може да предизвика појава на преголема количина на вовлечен воздух со што значајно ќе се намалат јакосните карактеристики на бетонот. Затоа, бараната количина на пори мора да се одреди експериментално со претходни испитувања и постојано да се следи и контролира во текот на производството на бетонот. Доколку адитивот Порочинител се дозира во готовиот бетон во миксерите, истиот е потребно најпрво да се разреди во неколку литри вода и потоа да се дозира и да се меша до потполна хомогенизација. Во тој случај неопходно е да се исконтролира количината на вовлечен воздух во бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Порочинител е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. Порочинител е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

**2032**

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060**

**Скопје, Македонија**

**08**

**2032-CPR-08.40B**

**EN 934-2:2009+A1:2012**

**ПОРОЧИНИТЕЛ**

**Адитив за бетон, аерант**

**EN 934-2:T5**

| | |
|---|---|
| **Максимална содржина на хлор јони:** | **0.1%** |
| **Максимална содржина на алкалии:** | **2.0%** |
| **Корозивно делување:** | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008,Анекс А.1:** |

Опасност по здравјето: Порочинител не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Порочинител е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Остатоци од Порочинител се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.